Информативно гласило на Град

# СКОПЈЕ

Бесплатен примерок

| Број 17 | Година III |23.12.2010г. |





*Почитувани сограѓани,*

Пред Вас е новогодишното издание на информативното гласило „СКОПЈЕ" кое-што веќе трета година редовно Ве информира за работата на градската администрација и за проектите на коишто работиме. Месецот декември и годинава го посветуваме на евалуација на сработеното и се подготвуваме за почетокот на наредната градежна сезона кога не очекува уште многу работа.

На почетокот морам да го изразам моето задоволство од успешно завршените проекти во годинава што изминува. Особено сум горд на проширувањето на улицата Илинденска во булевар. Ова тесно сообраќајно грло коешто со години создаваше проблеми во одвивањето на сообраќајот сега е широк и модерен булевар. Во овој градежен зафат вложивме многу труд, а дадовме и позитивен пример. Покажавме дека работите може да се изведуваат квалитетно и навремено. Имавме и храброст да се зафатиме со ваков капитален проект токму во центарот на градот каде што, по правило, градежните работи најтешко се изведуваат. Така, булеварот Илинден стана првата сообраќајница во Скопје што е проширена во последниве 12 години.

Нашата заложба првенствено да се зафатиме со решавањето на сообраќајните проблеми во градот се потврди и со реконструкцијата на повеќе градски улици. Меѓу нив ќе ги издвојам: Благоја Стефковски, Првомајска, Ферид Бајрам, Кемал Сејфула, Македонска војска, кружниот тек во Ѓорче Петров, Иван Козаров, Белградска... Ќе ја споменам и изградбата на тротоарите низ населеното место Трубарево каде што за првпат се гради пешачка патека по должината на регионалниот пат Скопје – Катланово.

Трите големи паркиралишта што ги уредивме годинава, она кај зградата на МТВ, кај ТЦ„Мавровка" и кај Транспортниот центар во голема мера го олеснија паркирањето во градот. Тој тренд ќе продолжи и наредната година кога ќе почне изградбата на две катни гаражи во централното градко подрачје.

Хигиената во градот годинава, исто така, беше приоритет во нашата работа. Јавните градски претпријатија ги опремивме со нови возила и камиони за собирање смет. Во акцијата„Заедно за почисто Скопје" повторно ги исчистивме јавните површини во сите скопски општини. Подигавме ново градско зеленило, ги порибивме водите на езерото Матка и на Вардар, ги чистевме отворените канали...

Во годината што изминува ги поттикнувавме спортските навики кај нашите сограѓани. На кејот на Вардар изградивме Градска плажа. Ова место стана центар на спортските случувања на отворено во градот. Го поддржувавме организирањето на средношколските спортски лиги, традиционалниот Скопски маратон, вложувавме во обнова на училиштните згради, во културните настани, а во соработка со ЗЕЛС отворивме Канцеларија на Град Скопје и на ЗЕЛС во Брисел...

Резултатите од некои проекти што Градот Скопје ги почна годинава ќе ги видиме во 2011 година. Наредната година Мостот на револуцијата ќе го видиме во ново светло. Решавањето на сообраќајните проблеми и подобрувањето на јавната хигиена и наредната година ќе бидат приоритет во мојата работа како градоначалник на Скопје. Ја планираме изградбата на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, проширувањето на Првомајска, проширувањето на булеварот Илинден кон улицата Никола Парапунов, довршувањето на кружниот тек во Ѓорче Петров и многу други инфраструктурни проекти. Градот Скопје и наредната година ќе продолжи посветено да работи на решавање на Вашите урбани проблеми.

*Почитувани,*

Годинава што ја оставаме зад нас за Градот Скопје беше многу успешна. Сакам од името на Градот Скопје да Ви ја честитам Новата 2011 година и да Ви пожелам наредните 365 дена да Ви бидат исполнети со добро здравје, среќа и успеси.

**Коце Трајановски,**
***Градоначалник на Град Скопје***

„СКОПЈЕ"
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило„СКОПЈЕ" излезе на: 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани



# УЛИЦАТА ИЛИНДЕНСКА ПРЕРАСНА ВО БУЛЕВАР ИЛИНДЕН





Градот Скопје годинава успешно заврши еден од најголемите проекти реализирани во централното градско подрачје во последните 12 години – проектот за проширување и реконструкција на улицата Илинденска. По седум месеци градежни работи, улицата Илинденска стана булевар Илинден на потегот од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до крстосницата со булеварот 8.Септември во должина од 2.140 метри.

Булеварот доби по две коловозни ленти во секоја насока, уредени тротоари и велосипедски патеки, нови крстосници, средишно зеленило и ново штедливо осветлување. Во реконструираната и проширена делница на булеварот Илинден се вградени 22.700 тони асфалт. Сообраќајницата ја осветлуваат 120 столба на коишто се поставени 170 светилки. На девет локации по должината на булеварот сообраќајот го регулираат семафори, а поставени се и 200 сообраќајни знаци. Околното зеленило го дополнуваат 144 новозасадени дрвја. Оваа модерна и брза сообраќајница, на којашто функционира зелен бран за движење на возилата, е продукт на заложбата на Градот Скопје.

На изградбата на булеварот Илинден, дневно работеа околу 150 работници од изведувачот „Гранит" и од подизведувачите. За комплетна реализација на овој сложен проект Градот Скопје потроши околу 201 милион денари или околу 3,3 милиони евра.





# ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА МОСТОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА



Мостот на Револуцијата наскоро ќе добие целосно нов лик. Градот Скопје на 9 декември го почна проектот за реконструкција на тротоарите, оградата и уличното осветлување на мостот што ги поврзува булеварите Кочо Рацин и Крсте Мисирков. Стартот на градежните работи го означи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- Според направените анализи, тротоарите на мостот е неопходно да се обноват за да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Ќе се заменат и рабниците коишто се видно оштетени. Постојната метална ограда е под силно влијание на корозијата, а дел од сливниците што ја одведуваат атмосферската вода не се во функција. Реконструкцијата ќе се одвива прво на левата страна од мостот. Ќе се обноват тротоарите, рабниците, сливниците и коловозот. Потоа ќе се монтира нова ограда којашто ќе биде изработена од ковано железо и во неа ќе бидат монтирани типски канделабри. На реконструкција на Мостот на Револуцијата ќе работат екипите на градежната компанија „СИНТЕК ДОО“ од Скопје. За обновата на мостот Градот Скопје ќе потроши околу 27,6 милиони денари. Во зависност од временските услови реконструкцијата на мостот треба да заврши за 120 работни дена – рече градоначалникот Трајановски.

Тој додаде дека Мостот на Револуцијата е изграден во 1963 година, а ова е прва негова позначајна реконструкција.

- Реконструкцијата на мостот ќе се одвива под сообраќај. Апелираме до сите учесници во сообраќајот внимателно да го поминуваат мостот и да го почитуваат привремениот сообраќаен режим и поставената патна сигнализација – нагласи градоначалникот Трајановски.









# РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА БЛАГОЈА СТЕФКОВСКИ





Во должина од 800 метри улицата Благоја Стефковски, во населбата Маџари, во месец октомври доби нов асфалт, на потегот од влезот во Маџари до надвозникот кон населбата Ченто. Со реконструкцијата на оштетениот асфалт значително се зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

Екипите ангажирани од Градот Скопје го раскопаа постојниот асфалтно-бетонски коловоз и беше поставена атмосферска канализација со профил од 800 милиметри, во должина од 565 метри. Потоа, на коловозот беше нанесен тампонски слој и нов асфалт со дебелина од 15 сантиметри. По должината на реконструираната улица се поставени рабници и се формирани тротоари со широчина од 2 метри.

За обнова на овие 800 метри од улицата Благоја Стефковски Градот Скопје потроши околу 26 милиони денари. На терен работеа екипите на градежната фирма „Бауер БГ".

# ОБНОВЕНИ 2,5 КИЛОМЕТРИ ОД УЛИЦАТА ПРВОМАЈСКА



Три илјади тони асфалт беа потрошени за целосна реконструкција на коловозот на улицата Првомајска, во текот на месец август.

Оваа значајна сообраќајница се обновуваше во должина од 2,5 километри. На потегот од мостот на Маркова Река до фабриката ОХИС, коловозот на улицата Првомајска беше раскопан и изгребен по што се нанесе нов асфалтен слој АБ 11 С. На некои делови улицата беше проширена и сега е широка 7 метри. Обележана е и хоризонталната сообраќајна сигнализација.

За овој значаен зафат Градот Скопје од Буџетот издвои 14,5 милиони денари. На терен работеа екипите на ХУЛУСИ КОМЕРЦ – ДОЕЛ Куманово.

Градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски, истакна дека со овој капитален градежен зафат се решаваат долгогодишните проблеми на жителите од повеќе населени места во овој дел на градот.





# НОВ КОЛОВОЗ НА УЛИЦАТА ФЕРИД БАЈРАМ...





Стариот и оштетен асфалт на улицата Ферид Бајрам во јули беше целосно изгребен и заменет со нов асфалтен слој. Сообраќајницата е обновена во должина од 800 метри.

Реконструкцијата на улицата Ферид Бајрам траеше две недели и се изведуваше токму во летните месеци кога и интензитетот на сообраќај во градот е помал. Обновениот и обележан коловоз овозможи да се зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

За реконструкцијата на коловозот на улицата Ферид Бајрам Градот Скопје потроши 6,5 милиони денари, а на терен работеа екипите на градежната компанија АД „Пелагонија – Гостивар“.

# ... И НА УЛИЦАТА КЕМАЛ СЕЈФУЛА





Во јули беше изведена реконструкцијата на уште една значајна сообраќајница во градот, улицата Кемал Сејфула, во населбата Чаир. И оваа улица беше обновена во должина од 800 метри.

Обновувањето на асфалтот овозможи да се зголеми протокот на возила и да се намали метежот на ова, претходно, тесно сообраќајно грло.

За целосна реконструкција на коловозот на улицата Кемал Сејфула Градот Скопје потроши 11,4 милиони денари. На терен работеа екипите на градежната компанија АД„Пелагонија – Гостивар“.

**Во Ѓорче Петров**

# СЕ ГРАДАТ ДВА КРАКА ОД КРУЖНИОТ ТЕК





Екипите на Градот Скопје работат на двата крака од улицата Радушка како дел од проектот за изградба на кружен тек меѓу улиците Ѓорче Петров, Воин Драшкоци и Радушка во општината Ѓорче Петров. Според проектот, кружниот тек ќе се гради на ниво на постојниот коловоз. Новата кружна крстосница ќе овозможи поголема проточност на возила, без задржување на семафор. Сообраќајот ќе се одвива по принципот вртење налево. Со тоа ќе се зголеми и безбедноста во сообраќајот. Во рамките на проектот за изградба на кружниот тек ќе се уредат и прошират и влезовите во трите улици Ѓорче Петров, Воин Драшкоци и Радушка.

Откако ќе се завршат сите четири краци на раскрсницата, ќе се гради средишниот дел од кружниот тек. На сите краци ќе се прави бетонска заштита на подземната инсталација и ќе се постави нова атмосферска канализација со профил од 300 милиметри. Одведувањето на атмосферските води ќе се овозможи со изведба на вертикални сливници. По должината на новоформираниот коловоз ќе се постават рабници, површината ќе се тампонира и ќе се покрие со нов асфалтен слој.

На терен работат екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар“. За изградба на овој капитален сообраќаен објект Градот Скопје ќе потроши околу 8,2 милиони денари.



# ИЗВЕДЕНИ 540 МЕТРИ ОД КАНАЛИЗАЦИЈАТА НА БУЛЕВАРОТ МАКЕДОНСКА ВОЈСКА

Од новата атмосферска канализација на вториот дел од булеварот Македонска војска, во населбата Ѓорче Петров, досега се изведени 540 метри. Канализацијата ќе минува под коловозот на новоизградениот булевар, во два дела, од крстосницата на булеварот Македонска војска со улицата Ѓорче Петров до изливот во Вардар и од Стадионот во Ѓорче Петров до изливот во Вардар.

Атмосферската канализација на вториот дел од булеварот Македонска војска ќе биде долга 974 метри, со различен профил од 300 до 500 милиметри и со PVC цевки.





Новата канализациска мрежа ја градат работниците на градежната компанија „Гранит“.

# АСФАЛТ ЗА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО ГРАДОТ

Последните четири месеци од 2010 година ги одбележа реконструкцијата на повеќе улици во градот, и тоа:

## ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ



Улиците „17“, „19“, „30“ и „33“ во општината Шуто Оризари на барање на околните жители беа целосно реконструирани и асфалтирани. Градот Скопје за реализација на овој проект потроши 12 милиона денари.

## ОПШТИНА БУТЕЛ



Локален пат долг 900 метри беше асфалтиран во населеното место Визбегово. За неговата изградба се потрошени дванаесет милиони денари од коишто Градот Скопје покрива 50 насто, а 50 насто се средства на општината Бутел.

При изградбата на патот е поставено и ново улично осветлување.

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



Во август, улицата Волково, во населеното место Волково, беше целосно реконструирана и проширена на потегот од пругата до центарот на населбата, во должина од 1.700 метри. Коловозот на улицата Волково беше проширен за 1,5 метри и сега е широк 7 метри. На улицата е обележана хоризонталната сигнализација и се поставени сообраќајни знаци. Градот Скопје за реализација на проектот за реконструкција и проширување на улицата Волково издвои околу 16 милиони денари.





## ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Во населбата Кисела Вода нов асфалт доби и улицата Иван Козаров. Сообраќајницата е реконструирана на потегот од крстосницата со улицата Доситеј Обрадовиќ до крстосницата со улицата Божидар Аџија, во должина од 340 метри.

Целосната реконструкција на улицата „Иван Козаров“ Градот Скопје го чинеше околу 3 милиони денари.



Платото пред црквата „Свети Спас“ во јули осамна во ново светло. На површина од 270 квадратни метри, старите и искршени камени плочи беа заменети со камена коцка. Со тоа, платото доби автентичен лик којшто се вклопува во амбиентот што го опкружува.

За овој граджен зафат Градот Скопје потроши околу милион денари, а платото го обновија екипите на ЈП „Улици и патишта“.

## ОПШТИНА ЦЕНТАР



Коловозот на улицата Белградска во општината Центар е проширен и покриен со нов асфалтен слој. Градот Скопје и ЈП „Улици и патишта“ ја обновија улицата од крстосницата со улицата „Водњанска“ до улицата „Димитар Митрев“ во должина од 550 метри. Градот Скопје за овој зафат потроши околу 5 милиони денари, а беа вградени 600 тони асфалт.



## ОПШТИНА ЦЕНТАР

Градот Скопје и општината Центар ја реконструираа и улицата Васил Ѓоргов, од крстосницата со булеварот Водњанска до стариот трговски центар во Капиштец. Раскрсницата со булеварот Водњанска беше проширена за да се овозможи поголем проток на возила. Градежните работи на оваа фреквентна сообраќајница ги изврши градежната компанија „Бауер БГ“.

Обновата на улицата Васил Ѓоргов чини околу седум милиони денари, од коишто 3,5 милиони денари обезбедува Градот Скопје.

Во заедничка инвестиција на Градот Скопје и на општината Гази Баба во вредност од околу 18 милиони денари деновиве се работи и на проширување и обнова на патот кон гробиштата Камник. Овој крак од улицата Јужноморавски бригади е долг 960 метри, а од вкупната сума предвидена за реконструкција Градот Скопје ќе покрие 13,7 милиони денари, а општината Гази Баба – 4,5 милиони денари.

На изградба на патот за Камник работат екипите на градежната компанија „Бауер БГ“.



## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



Во општината Ѓорче Петров беше асфалтиран дел од улицата 4.Јули, на потегот од објектот на Геријатрија во насока кон црквата „Свети Петар и Павле“, во должина од 240 метри.

За реконструкција на оваа сообраќајница беа потрошени околу 270 тони асфалт, а на терен работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија –Гостивар“...

# ТРОТОАРИ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ ВО ТРУБАРЕВО





Привршува изградбата на тротоарот по должината на регионалниот пат Скопје – Катланово (Р- 303), низ населеното место Трубарево. Тротоарот е долг километар, широк два метра и се покрива со бекатон-плочки. Тротоар и пешачка патека за првпат се градат по должината на регионалниот пат Скопје – Катланово.

Оваа делница со години претставува црна сообраќајна точка во Скопје и место на коешто досега се случиле многу сообраќајни незгоди. Новата патека значително ќе ја зголеми безбедноста на пешаците и на велосипедистите.

Тротоарот по должината на регионалниот пат Скопје – Катланово го изведуваат екипите на ЈП „Улици и патишта“, а за негова изградба Градот Скопје од Буџетот издвои околу 3 милиони денари.

# ОБНОВЕН ПОДВОЗНИКОТ
## НА БУЛЕВАРОТ 8.СЕПТЕМВРИ



Екипите на ЈП „Улици и патишта“ ги реконструираа тротоарите на подвозникот кај хотелот „Александар палас“. Оштетените армирано-бетонски плочи од тротоарите беа извадени и заменети со нови. Тротоарите беа покриени со асфалт.

Мостот е со должина од 26 метри, а вкупната широчина на велосипедската и на пешачката патека изнесува 5, 5 метри.



За зголемување на безбедноста на пешаците Градот Скопје постави околу 1 000 заштитни столпчиња на повеќе улици низ Скопје.

# НОВ ТРОТОАР НА БУЛЕВАРОТ НИКОЛА КАРЕВ



Нова пешачка и велосипедска патека е изградена по должината на булеварот Никола Карев, од поликлиниката „Битпазар“ кон хотелот „Континентал“. Патеката е долга 350 метри, широка 2,5 метри и е покриена со асфалт.

На терен работат екипите на ЈП „Улици и патишта“. Тие деновиве се префрлени на другата страна на булеварот каде што, исто така, се гради пешачка патека. Таа патека ќе биде долга 500 метри, од клучката „Детелинка“ до клучката кај хотелот „Континентал“. За изградба на патеката по должината на булеварот Никола Карев Градот Скопје потроши 1,5 милиони денари.

# ПЕШАЧКА ПАТЕКА И ПО НАСИПОТ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ





Пешачка патека долга 800 метри се гради и зад фудбалското игралиште на „Југококта“ по насипот на реката Вардар во општината Ѓорче Петров. Патеката е широка 2,75 метри и се покрива со бекатон-плочки.

Почна изградбата и на пешачка патека во населбата Јурија, кај болницата, којашто ќе води кон насипот на реката Вардар. Патеката ќе биде долга 150 метри, широка 2,7 метри и ќе се покрие со павер-елементи. За изградба на двете пешачки патеки во Ѓорче Петров Градот Скопје ќе одвои 2,5 милиони денари.

По должинатга на улицата Скупи беше изграден нов тротоар со бекатон-плочки, на потегот од мостот на реката Лепенец до патот за Бардовци во должина од 800 метри.

# НОВИ СЕМАФОРИ И СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ



Во текот на 2010 година екипите на ЈП „Улици и патишта“ коишто се задолжени за одржување на светлосната сигнализација поставија вкупно 229 семафори на крстосниците во градот. Покрај инсталирањето нови семафори, ЈП „Улици и патишта“ редовно ги сервисираше семафорите на над 80 крстосници, од системските дефекти, како и од механичките оштетувања .



За првпат, беа поставени и 8 велосипедско-пешачки семафори на дел од велосипедските патеки коишто излегуваат на големи крстосници. При поставувањето на семафорите, Градот Скопје водеше грижа и за лицата со посебни потреби, особено за лицата со оштетен вид. Досега се поставени 20 звучни семафори, а во тек се консултации за локациите каде што ќе се постават уште 20 семафори.

Екипите на ЈП „Улици и патишта“ годинава на улиците поставија над 700 нови сообраќајни знаци.

Град Скопје од буџетот за 2010 година издвои околу 20 милиони денари за одржување и обновување на семафоризацијата, како и 4 милиони денари за одржување на сообраќајните знаци.

Ноќното бележење на хоризонталната сигнализација на градските улици продолжи и изминатово лето. Улиците и булеварите во градот се бележеа рачно и машински, со бела боја, а на терен беа ангажирани работниците на ЈП „Улици и патишта“.

Ноќното бележење на улиците Градот Скопје го воведе за да се намали сообраќајниот метеж кога се освежува патната сигнализација.



# ЌЕ СЕ БАРА КОНЦЕСИОНЕР ЗА ТРАМВАЈСКИ ПРЕВОЗ

Градот Скопје ја заврши постапката за ангажирање консултант за избор на концесионер за изградба и користење лесен шински, трамвајски, превоз. Од седумте пристигнати понуди, во согласност со Законот за јавни набавки, беше избрана најповолната заедничка понуда на унгарскиот Виалто Консалтинг од Будимпешта и на англиската компанија ЕЦ Харис Лтд.

Консултантите во првата фаза треба да изработат студија за концесионирање на трамвајскиот превоз и целосна студија за трамвајски превоз во Скопје. Во втората фаза ќе работат на изработка на тендерската документација за концесионирање и ќе се ангажираат за деловна афирмација на проектот во меѓународни рамки, а во завршната фаза ќе се ангажираат околу изборот на концесионер, изработката на договор за концесионирање, како и за неговото склучување.

ЕЦ Харис ЛТД е една од водечките англиски консалтинг групации во областа на шинскиот превоз и досега имаат проектирано и реализирано многу меѓународни проекти. Виалто Консалтинг е компанија којашто е доминантна на унгарскиот пазар за проектирање и изведба на шински линии.

Консултантите проектот за концесионирање лесен шински превоз во Скопје треба да го завршат една година по потпишувањето на договорот.

# НОВИ ПАРКИНГ МЕСТА И ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ



Во центарот на урбаното живеење, под Транспортниот центар, скопјани добија ново паркиралиште за лесни моторни возила со површина од 6.840 квадратни метри и со 218 обележани места за паркирање. Со паркиралиштето стопанисува ЈП „Градски паркинг", а цената за паркирање изнесува 25 денари за час, без ограничување на задржувањето. За изградба и уредување на паркингот Градот Скопје потроши околу 12 милиона денари.










## ДВЕ КАТНИ ГАРАЖИ ВО ЦЕНТАРОТ

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, вицепремиерот и министер за финансии, Зоран Ставрески, и претседателот на Управниот одбор на НЛБ Тутунска банка, Ѓорѓи Јанчевски на 10 декември потпишаа договор за заем за финансирање на проектот „Изградба на катни гаражи на улицата Даме Груев и кај Цветен пазар".

- Градот Скопје со реализација на овој проект ќе им обезбеди на граѓаните поголем број паркинг-места во централното градско подрачје. Заемот што го добиваме од НЛБ Тутунска банка во висина од 8,5 милиони евра е со грејс период од 2 години, а рокот за отплата е 10 години - истакна градоначалникот Трајановски.

Изградбата на првата катна гаража ќе почне кон крајот на месец јануари наредната година, а на втората кон крајот на март 2011 година.

На паркиралиштето што располага со 110 места, а се наоѓа зад трговскиот центар „Мавровка" функционира зонско паркирање. Еден час паркирање чини 35 денари, а возилата ќе може да се задржат најмногу четири часа. Со уредување на ова паркиралиште, во општината Чаир првпат се воведува зонско паркирање.

Новиот систем на паркирање им помага на граѓаните полесно да дојдат до паркинг-место и да го намали сообраќајниот метеж што се создава на ова фреквентно место.

Пред зградата на Македонската радио телевизија - нов паркинг со капацитет од 130 возила на површина од 2.800 квадратни метри. Паркирањето овде чини 25 денари за час, со неограничено задржување.

Градот Скопје за уредување на овој паркинг од Буџетот издвои околу 3,5 милиони денари, а работите на терен ги изведуваше ЈП „Улици и патишта".





Екипите на Градот Скопје ја завршија реконструкцијата и на паркинг-просторот кај Соборниот храм „Свети Климент Охридски", на булеварот Партизански одреди.



Првата сезона од проектот за изнајмување велосипеди што во јули годинава го почна Градот Скопје заврши успешно. За цена од 10 денари граѓаните имаа можност да изнајмуваат велосипеди од трите пункта во градот, на јавното паркиралиште „Треска", на плоштадот „Македонија" и пред трговскиот центар „Бисер".

Во првата фаза од проектот „ОСТАВИ ГО АВТОМОБИЛОТ, ВОЗИ ВЕЛОСИПЕД" што го реализираше ЈП „Градски паркинг", велосипед изнајмиле вкупно 7.698 граѓани, од пунктот на плоштадот „Македонија" 5.031, од ТЦ „Бисер" 1.742 и од паркиралиштето кај „Треска" 925 граѓани. Пунктовите за изнајмување велосипеди повторно ќе бидат отворени напролет.



# УСПЕШНА СЕЗОНА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ



На левата страна на кејот на Вардар

# СЕ ОФОРМУВА РОЛЕРСКО - ВЕЛОСИПЕДСКАТА ПАТЕКА

Привршува изградбата на ролерско-велосипедската патека од левата страна на реката Вардар, на потегот од фабриката „Комуна" до мостот „Близнак". Оваа делница претставува продолжување на ролерско-велосипедската патека од левата страна на Вардар, којашто води од центарот на градот до фабриката „Комуна".

Подлогата е тампонирана и подготвена за асфалтирање. Овој дел од патеката е долг 1.800 метри, а широк 4 метри. На изградба на патеката работат екипите на фабриката „Карпош", а за нејзината изградба Градот Скопје ќе потроши околу 6 (шест) милиони денари.

Ролерско-велосипедската патека од десната страна на кејот на реката Вардар е целосно завршена.



# СЕ ПОДГОТВУВА НОВАТА ЛОКАЦИЈА ЗА ЦВЕТНИОТ ПАЗАР



Почнаа подготвителните работи на локацијата на којашто напролет треба да се пресели Цветниот пазар. На просторот наспроти Домот на печатот, на улицата Мито Хаџивасилев - Јасмин, во текот на изминатиов месец се дислоцираше водоводната и канализациската мрежа, а ќе следува уредување на партерот.

На терен, екипи на Градот Скопје ќе направат ископ на земја, површината ќе се тампонира и ќе се постават рабници. На две бетонирани платформи ќе се постават 16 куќички за цвеќарниците, а на пешачката површина меѓу куќарките ќе се наредат со бекатон-плочки. Сите куќарки ќе бидат поврзани со водоводната и со канализациската мрежа.

Делот за автобусите и малиот паркинг наменет за корисниците на цветниот пазар ќе се покријат со асфалт.



# ПОДОБРУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИСКАТА И ВОДОСНАБДИТЕЛНАТА МРЕЖА

Изградбата на фекалната канализација на улицата Алија Авдовиќ, којашто почна во август, влегува во завршна фаза. Новата мрежа ќе се користи за одведување на фекалните отпадни води од селата Стајковци и Сингелиќ и  дел од населбата Methodија Андонов-Ченто што гравитира кон улицата Алија Авдовиќ.

Овој проект претставува спојување на канализациските мрежи од селата Стајковци и Сингелиќ. Канализацијата е долга 745 метри, со профил од 500 милиметри.

Новата фекална канализација е комплетна инвестиција на ЈП „Водовод и канализација“ во вредност од 5,9 милиони денари. На изградбата работат екипите на фирмата „БЕГРАМО ДОО“ од Скопје.







Доаѓањето на зимата не ја попречи изградбата на колекторот за атмосферските води во населбата Ќерамидница. Колекторот ќе ги собира атмосферските води од населбата, како и водите од клучката кај хотелот „Континентал“ што ќе се испуштаат во реката Вардар.

Должината на канализациската мрежа е 530 метри, а цевките што се вкопуваат на длабочина од 5 метри се армирано-бетонски и со профил од 1 500 милиметри.

За изградбата на колекторот за атмосферски води низ населбата Ќерамидница Градот Скопје, од буџетот, има издвоено 26 милиони денари.

На терен работат екипи на градената компанија „ЖИКОЛ-Скопје“.

Привршува и изградбата на атмосферската канализација по должината на булеварот Христијан Тодоровски Карпош во општините Чаир и Бутел. Канализацијата почна да се гради на почетокот на септември и трајно ќе ги реши проблемите со одведувањето на дождовницата и поплавувањето на улицата по поројните дождови.





Канализацијата е со профил од 800 милиметри и  должина од 547 метри.



Во рамките на проектите за подобрување на водоснабдувањето во градот беше обновена и водоводната мрежа на улицата Демир Трајко.

# ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОПРЕМЕНИ СО НОВА МЕХАНИЗАЦИЈА








Градот Скопје во текот на 2010 година продолжи да инвестира во набавка на соодветна механизација и опремување на јавните претпријатија. Причините за вложувањето се едноставни, а заклучоците европски - чисто Скопје.

Неодамна ЈП „Комунална хигиена“ доби шест нови специјализирани возила за собирање смет и со оние шест од минатата година, ова претпријатие, за многу краток временски период, се опреми со наполно нова и ефикасна механизација. Новите камиони се со зафатнина од 20 кубни метри. Празнењето на садовите е со брзина од 20 до 24 секунди. Годинава, Град Скопје ја почна постапката за набавка на нови 40 специјални возила за собирање смет коишто треба да пристигнат во текот на 2011 година.

Камионите на ова претпријатие ќе бидат секојдневна слика и за оние што живеат во руралните средини.

Две нови возила пристигнаа и за ЈП „Паркови и зеленило“: цистерна за полевање зелени површини и дрвореди и возило кипер со носивост од 2,5 тони.

И во ЈП „Дрисла“ пристигнаа нови машини, а ЈП „Улици и патишта“ доби нова машина за бележење на хоризонталната сигнализација на градските улици со поголем капацитет и резервоар за боја од 150 литри. Возилото значително ќе ја олесни работата на ова градско претпријатие, ќе го зголеми квалитетот на бележењето и ќе го скрати времето за работа, со што се гарантира помал застој во сообраќајот во периодот кога се осевжува хоризонталната сигнализација на улиците.








## ПОДГОТВЕНИ ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ СНЕГ

За расчистување на снегот од градските улици Градот Скопје за оваа зимска сезона обезбеди 1.500 тони сол. На 15 ноември почна да работи и Градскиот кризен штаб којшто ги координира работите за одржување на магистралните и на собирните улици во зимски услови. Овој штаб ќе работи до 15 март 2011 година.

Сите јавни претпријатија имаат свои задолженија во расчистувањето на паднатиот снег. Најголем ангажман има ЈП „Улици патишта“, а со одредени активности се вклучуваат и ЈП „Комунална хигиена“, ЈП „Водовод и канализација“.

За функционирање на зимската служба Градот Скопје одвои 70 милиони денари.

# ВТОРА УСПЕШНА АКЦИЈА ЗА ЧИСТО И ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ









Во јуни, по втор пат беше реализирана големата акција за чистење на десетте скопски општини „Заедно за чисто и зелено Скопје“. Во акцијата се вклучија јавните претпријатија „Паркови и зеленило“, „Комунална хигиена“, „Водовод и канализација“ и „Улици и патишта“.

На подрачјето на скопските општини Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Чаир, Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Шуто Оризари и Сарај екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ машински и рачно ги косеа тревниците, го уредуваа јавното зеленило и цветните површини, сечеа и кроеја дрвја. Во акцијата беа исечени вкупно 118 , искроени 166, а искастрени 304 дрвја.

Работниците на ЈП „Водовод и канализација“ извршија контрола и чистење на шахтите и на сливниците, како и испирање на водоводната мрежа.

ЈП „Комунална хигиена“ во акцијата се вклучи со рачно и машинско метење и миење на улиците  и со поправка, дезинфекција и репарација на контејнерите. Од сите десет скопски општини беа расчистени дивите депонии и од нив беа собрани вкупно 1.844 кубни метри отпад и градежен шут.

Во акцијата беа ангажирани работници и на ЈП „Улици и патишта“ коишто санираа ударни дупки и рачно го исчистија каналот во населбата  Сингелиќ.









# ЗАСАДЕНИ 5 000 САДНИЦИ ПОД МИЛЕНИУМСКИОТ КРСТ НА ВОДНО



Пет илјади листопадни и зимзелени дрвца на 5 декември беа засадени на локација под Милениумскиот крст, на Водно, во акцијата што ја организира Градот Скопје. Засадените садници ќе ги надополнат дрвјата што беа исечени заради изградба на жичницата.

Во акцијата учествуваа градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, вработени во градската администрација, директори и вработени во јавните градски претпријатија, како и ученици од две средни училишта.

# ДРВОРЕДИТЕ ЌЕ СЕ ОБНОВАТ СО 5 000 ДРВЈА





Во акцијата што почна да се реализира на целата територија на градот ќе се засадат вкупно 5 000 јавори и јасени во дрворедите на булеварите, магистралните улици и во парковите. Како што најави градоначалникот Коце Трајановски, вакви акции ќе се организираат и следната година, а за три години се планира да се засадат 30 000 садници.

Екипи на ЈП„ Паркови и зеленило“ ќе ги обновуваат дрворедите на булеварите: Гоце Делчев, Македонија, Кочо Рацин, Свети Климент Охридски, Илинден, 8.Септември, Крушевска република, Водњанска, Партизански одреди, Кузман Јосифовски Питу, ВМРО, Македонско-косовска бригада, 2.Македонска бригада, Македонска војска, Јане Сандански, Србија, АСНОМ, Февруарски поход, Видое Смилевски Бато, Босна и Херцеговина и на улиците Џон Кенеди, Лазо Трповски, Ѓорче Петров, Митрополит Теодосиј Гологанов, 4.Јули, Адолф Циборовски, Лука Геров, Социјалистичка зора, Вера Јоциќ, Драчевска, Сердарот и други.

## ИСЕЧЕНИ 368 СТАРИ ТОПОЛИ

И во 2010 година беа спроведени неколку акции за сечење, поткастрување и уредување на дрвјата и на градското зеленило. Беа исечени вкупно 368 стари и заболени тополи коишто ја загрозуваа безбедноста на минувачите.



# НОВ ЛИК ЗА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО





Со засадени вкупно 11 755 листопадни, зимзелени садници, како и украсни грмушки Градот Скопје во 2010 година го зазелени својот лик. Годинава се изградени и хортикултурно уредени парковски површини и средишни жардиниери на градските улици и на булеварите со вкупна површина од 51.730 квадратни метри, а во должина од 8 000 метри. Поставена е и хидрантска мрежа.

# УСПЕШНИ АКЦИИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ САДНИЦИ





Успешно заврши традиционалната есенска акција за доделување садници на сите заинтересирани урбани и месни заедници, здравствени, културни, образовни и јавни установи. Беа доделени 3.000 садници, листопадни, зимзелени и грмушки, што заедно со доделените дрвца во пролетната акција прават вкупно 6.000 доделени садници за разубавување на амбиентот.

# РЕДОВНО СЕ СОБИРА СМЕТОТ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ



Две нови специјализирани возила од овој месец го собираат сметот во руралните средини на општината Кисела Вода. Камионите ги набави општината Кисела Вода и ги донира на ЈП „Комунална хигиена". Новите камиони се произведени 2008 година, тие се од категоријата N2 – товарно возило, со капацитет од 5 кубни метри и постои можност за автоматско и рачно управување на циклусот на работа.



Со овие две возила екипите на ЈП „Комунална хигиена" ќе собираат смет само во руралните средини на општината Кисела Вода - Драчево, Пинтија, Усје и Припор, односно онаму каде што големите камиони имаат отежнат или воопшто немаат пристап поради конфигурацијата на теренот и тесните улички.

Камионите имаат вграден систем од задната страна за подигнување и празнење на садови за отпад со капацитет од 1, 1 кубен метар (контејнери) или истовремено подигање и празнење 2 типски канти од 120 литри.

Цената на двете возила е 8,7 милиони денари.




680 нови корпи во 2010 година



355 нови клупи во 2010 година

На повеќе локации, по должината на градските улици и булеварите, како и на автобуските постојки, во 2010 година беа поставени нови 355 клупи и 680 корпи за отпадоци.

# СТАЦИОНАРОТ „ВАРДАРИШТЕ" ДВОЈНО ПРОШИРЕН

Стационарот „Вардариште" годинава доби двојно поголем капацитет. Во новиот објект, којшто е изграден според европски стандарди, се сместени три нови двојни стационари со 12 бокса, поставени во 3 реда и 6 единечни боксови, поставени во два реда или вкупно 48 нови боксови за заловените кучиња скитници.




Во боксовите има дневна соба со димензии 1,5 метри на 1,5 метри и спална соба со димензии 1,5 метри на 1,1 метар. Притоа се запазени соодветните комуникации што овозможуваат непречено движење и прием на кучиња.

Партерот пред стационарот е покриен со бекатон-плочки. За проширување на стационарот „Вардариште" Градот Скопје потроши околу 7 милиони денари. Градежните активности ги изведуваа екипите на компанијата „АЛКОН" од Скопје.

Проширувањето на стационарот „Вардариште" е дел од активностите што Градот Скопје континуирано ги презема за решавање на проблемот со бездомните кучиња во Скопје и зголемување на капацитетите за нивно згрижување и хуман третман.



# КАНЦЕЛАРИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ И НА ЗЕЛС ВО БРИСЕЛ



Отворањето на заедничката канцеларија на Градот Скопје и на Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС) на 28 октомври е чекор што ќе овозможи навремено информирање за европските фондови за локална самоуправа, претставување и застапување на локалните власти пред институциите на ЕУ, лобирање за користење на фондовите и друга помош потребна на локалните самоуправи, црпење искуства и друго.

Со отворањето на оваа Канцеларија Градот Скопје очекува директна и непосредна комуникација со телата на Европската унија, да лобира и обезбеди поддршка за проектите на Град Скопје и на другите општини, како и да воспостави поблиска соработка со градовите и со регионите коишто веќе со години имаат свои претставници во Брисел.

Канцеларијата се наоѓа во зградата на Советот на европски општини и региони (ЦЕМР), во којшто ЗЕЛС членува од 2004 година. Трошоците за изнајмување на просторот во којшто ќе биде сместена Канцеларијата на Град Скопје и на ЗЕЛС ќе ги делат по половина.



# КОНКРЕТНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ПРОЕКТИ

Добрата соработка меѓу Градот Скопје и десетте скопски општини беше нагласена и во рамките на четвртиот циклус средби на градоначалникот Коце Трајановски со своите колеги градоначалници и со претставниците на општинските администрации. На овие посети, што се одржаа во ноември, се разгледуваа проблемите на граѓаните и се евалуираа резултатите од претходните средби.





Претставниците на општинските администрации имаа можност да доставуваат предлози и проекти што се во надлежност на градот, а се наоѓаат на подрачјето на соодветната општина, односно да учествуваат во составувањето на буџетот на Град Скопје за 2011 година.

Тие посочија конкретни предлози за изградба и проширување улици, пешачки патеки, ревитализација на Старата скопска чаршија, работењето на јавните градски претпријатија и за потребата од изградба на нови мостови.



Совет на Град Скопје

# ПРОДОЛЖЕНО РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО СТАРАТА ЧАРШИЈА



Со одлука на Советот на Град Скопје работното време на занаетчиските дуќани и на угостителските објекти во Старата скопска чаршија беше продолжено за еден час.

Старата скопска чаршија претставува културно наследство од особено значење за Република Македонија и за Градот Скопје. Заради нејзиното заживување и за создавање поволни услови за работа на занаетчиите во Чаршијата се јави потреба од продолжување на работното време на занаетчиските дејности за еден час. Со предложената измена работното време за занаетчиите во зимскиот период наместо во 20 часот ќе завршува во 21 часот, а во летниот период работното време наместо во 21 часот ќе завршува во 22 часот.

# ДОНЕСЕН БУЏЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2011 ГОДИНА



Советот на Град Скопје го донесе Буџетот на Градот за 2011 година којшто изнесува 5.449.086.833 денари. Најмногу средства во буџетот се предвидени за изградба и реконструкција на улици и патишта, вкупно 774 милиони денари. Тука влегува изградбата на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, на потегот од Домот на печат до студентскиот дом „Гоце Делчев", проширувањето на булеварот Илинден кон улицата Никола Парапунов, изградбата на втората фаза на булеварот Македонска војска кон стадионот во Ѓорче Петров, булеварското решение на Христијан Тодоровски Карпош и неговото поврзување со обиколницата, изградбата на третата фаза на булеварот Србија кон цементарницата, изградбата на булеварот Индустриска, изградба на улица во селото Свиларе, како и изградбата на нов мост на реката Вардар во општината Сарај.

Од овој дел средства се предвидени и за реконструкција и санација на тротоари и раскрсници, реконструкција на поголем број улици, меѓу коишто улиците Козле и Самоилова, изградба на подземни и надземни премини, како и реконструкција на автомобилски надвозници и мостови.

За одржување на улиците во Скопје обезбедени се 220 милиони денари. Овие средства ќе бидат наменети за тековно одржување на улиците, како и за одржување на светлосната, вертикалната и хоризонталната сигнализација.

Обезбедувањето на паркинг-простор во централното градско подрачје и натаму останува приоритет за Градот Скопје и за наредната 2011 година. Во буџетот за идната година се предвидени средства во висина од 180 милиони денари за изградба на две катни гаражи во централното градско подрачје со коишто ќе се добијат над 1 200 нови паркинг-места. Дополнително, предвидени се и 26 милиони денари за изградба на паркиралиште за тешки товарни возила кај Транспортниот центар, како и паркинг-простор за потребите на посетителите на Зоолошката градина.

За изградба и одржување на јавното осветлување, во буџетот за 2011 година се предвидени 135,6 милиони денари.

За изградба на системи за водоснабдување и на системи за одведување и пречистување на отпадните води, во Буџетот за 2011 година се планирани 155 милиони денари.

За градските паркови и зеленило во наредната 2011 година се предвидени 116 милиони денари, од коишто најмногу средства ќе се вложат во изградба и реконструкција на градското зеленило, реконструкција на зеленилото во мајор-коритото на реката Вардар, како и за ревитализација на езерото „Треска".

Предвидени се 155 милиони денари за јавниот превоз на патници, каде што влегува субвенционирањето на превозот за лица со посебни потреби и потешка инвалидност, превозот на учениците, како и изработка на модел за организација и управување со јавниот градски превоз на патници. Од овие средства, предвидени се и пари за изработка на унифицирани ознаки за такси-возилата, како и за субвенции за јавното сообраќајно претпријатие.

Град Скопје останува на својата намера да го опреми со возила јавното претпријатие „Комунална хигиена" и да го оспособи за поквалитетно вршење на своите задачи, за што во буџетот за 2011 година се предвидени средства за набавка на нови возила. Наредната година ќе се набави специјално возило за противпожарната бригада на Скопје за што се предвидени 18 милиони денари, како и возила за потребите на јавното претпријатие „Паркови и зеленило" за што се планирани 5 милиони денари.

Во 2011 година за организација и поддршка на културни манифестации во буџетот се предвидени 45 милиони денари, додека за реконструкција и изградба на културните установи на Град Скопје околу 31 милион денари. За организација и поддршка на спортски манифестации, за идната година се предвидени 12,5 милиони денари.

Финансиски средства се предвидени и за изработката на Генералниот урбанистички план на Скопје во висина од 50 милиони денари, како и за изградба на Градската куќа, за што се предвидени 30 милиони денари.

Заштитата на животната средина и природата зазема значајно место во приоритетите за 2011 година, за што се одвоени над 40 милиони денари за изработка на проекти, уредување на заштитните локалитети Водно и Гази Баба, поставување мерни апарати за загаденоста на воздухот, рекултивација и уредување на просторот на поранешната депонија „Вардариште", како и за континуираната активност за замена на азбестните плочи во јавните установи коишто се во надлежност на Град Скопје.

Средства во Буџетот за 2011 година се предвидени и за уредување на градежно земјиште во висина од 110 милиони денари, за поддршка на локалниот економски развој 28 милиони денари, за поттикнување и развој на туризмот 6,5 милиони денари, за работи околу јавната чистота 21,8 милиони денари, за изградба на сообраќајна сигнализација 92 милиона денари, за поставување урбана опрема 28 милиони денари, како и за изградба на ролерски и велосипедски патеки за што се предвидени 20 милиони денари.

Голем дел од стратешките инфраструктурни проекти ќе бидат реализирани преку кредити, за што во буџетот за 2011 година на Град Скопје се планирани 552 милиони денари. Од нив 184,5 милиони денари се предвидени за изградба на двете катни гаражи во централното градско подрачје, 104,5 милиони денари за изградба на булеварско решение на улицата Првомајска, од Рампа до улица Народни херои (Расадник). За изградбата на Центарот за управување и контрола на сообраќајот се предвидени 80 милиони денари. Преку кредитирање се планира да се набават возила за собирање смет за потребите на јавното претпријатие „Комунална хигиена", за што се предвидени 123 милиони денари, како и набавка на 60 илјади индивидуални пластични канти, за што се предвидени 60 милиони денари.

# ПОРИБЕНИ ВОДИТЕ НА ЕЗЕРОТО МАТКА И НА ВАРДАР

Во текот на 2010 година 13 000 парчиња ендемична пастрмка Salmo macedonikus запливаа во водите на реката Вардар и на езерото Матка, со што Градот Скопје директно влијае врз заштитата и реинтродукцијата на македонската ендемична пастрмка во водите на Македонија.





# СЕ ЧИСТЕА КОСИНИТЕ НА ВАРДАР И КОРИТАТА НА КАНАЛИТЕ





Косите површини на кејот на реката Вардар годинава континуирано се чистеа од израснатата дива вегетација и од отпадоци. Исчистена беше вкупна површина од 22 000 квадратни метри.



По темелното чистење, Водњанскиот канал беше покриен со бекатон-плочки. За подобрување на функционалноста покриен беше и водоснабдителниот канал за езерцата во Градски парк во должина од 1 000 метри.







Исчистено беше и коритото на реката Лепенец, како и Усјанскиот канал и каналите во Пржино и во Козле.

# НОВ ЛИК ЗА ЕЗЕРЦЕТО ВО ГРАДСКИОТ ПАРК



Екипи на Градот Скопје целосно го уредија езерцето во Градскиот парк. Дното на езерцето со површина од околу 3.000 квадратни метри беше бетонирано, со што долгорочно ќе се спречи еродирањето на земјиштето и на камените коси површини,





што е причина за одлевањето на водата и полнењето на езерцето со земја. Со овој градежен зафат, што Градот Скопје го чинеше 3.8 милиони денари, ќе се одржи и квалитетот на протечните води.

## ЗАБАВНО КАТЧЕ ЗА НАЈМЛАДИТЕ

За најмалите, во првиот дел на Градскиот парк, Градот Скопје изгради две детски катчиња на простор од 200 квадратни метри. Едното од катчињата е со шестоаголна, а другото е со четириаголна форма.

Катчињата се шарени со интензивни бои и со интересни содржини за игра за деца до 12 години. Тие содржат 3 лизгалки, 2 лулашки, 2 минијатурни коси пластични патеки за планинарење, скали за качување и други сегменти коишто на децата ќе им бидат забавни, а се корисни и за нивниот психофизички развој.

Игралиштето каде што се поставени катчињата е со подлога од ситен песок, што им овозможува на децата безбедно користење на поставените елементи.

За реализација на овој проект Градот Скопје издвои 350 000 денари.







Екипите на ЈП „Паркови и зеленило" спроведоа неколку акции за поткастрување на високите гранки и за сечење на старите и исушени дрвја во Градскиот парк.

# НОВИ СОДРЖИНИ ВО ПАРК - ШУМАТА „ВОДНО“

На горниот видиковец на Водно летово беше поставен двоглед за панорамско разгледување на градот. Двогледот работи со уфрлување на две монети од по пет денари. Времето на разгледување е 2 – 3 минути.

Градот Скопје апелира до граѓаните да ја чуваат и одговорно да се однесуваат со поставената урбана опрема на видиковците на Водно и на другите јавни површини во градот.

Во јуни, на двата видиковци на Водно беа поставени светилки на соларна енергија. Поставени се вкупно 24 светилки, и тоа 11 на Видиковец 1 и 13 светилки на Видиковец 2.

Осветлувањето со светилки на соларна енергија овозможува да нема трошоци за електрична енергија. Со овој проект, Градот Скопје, ја потврдува својата заложба за енергетска ефикасност, односно користење обновливи извори на енергија и зачувување на животната средина.

За новото осветлување на видиковците на Водно Градот Скопје потроши околу 2 милиона денари. Светилките ги поставија екипите на „Свем инженеринг“.











Пет видиковци, 14 комплети маси со клупи и еден комплет со рекреативни елементи годинава беа поставени на неколку локации во парк-шумата „Водно“. Изградени се и две куќарки за планинари, како и цистерна за противпожарна заштита. Поставената урбана опрема ќе ја користат посетителите на ова омилено рекреативно место во Скопје.

Во рамките на одржувањето на зеленилото надвор од градот, на Водно е пошумена површина од 10 хектари.

# ВО ПАРК-ШУМАТА „ГАЗИ БАБА“



Градот Скопје изгради пешачка патека долга 720 метри и широка 1,90 метри по должината на границата на парк-шумата Гази Баба, од паркингот кај Здравствениот дом „Железара“ до детското игралиште.

Оваа патека ќе го носи името „Патека на пријателство со природата“.

Патеката е асфалтирана и осветлена со канделабри. За нејзината изградба Градот Скопје потроши околу милион денари.








На неколку локации во парк-шумата Гази Баба Градот Скопје постави 3 видиковци и една планинарска куќичка. Поставени беа и единаесет комплети маси со клупи и три информативни табли на влезовите во карактеристичниот пејзаж. По налог на Град Скопје на терен работеа екипи на ЈП „Паркови и зеленило“.








# ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА ДОБИВА МОДЕРЕН ИЗГЛЕД



Кога зборуваме за ревитализацијата на Зоолошката градина 2010 година беше многу успешна. Целосно беа завршени 40-тина живеалишта за животни меѓу кои и оние на гибоните, волците, мршојадците, мечките, антилопите, срните, елените, нилскиот коњ и на повеќе видови ѕверови коишто сега живеат во сосема нови услови.

Зоолошката доби и нови потстанари. Еден лав, неколку црни лебеди, 4 американски којоти, кенгури, лемури, фазани, гибони, сибирски тигри, ноеви и еден питон си го најдоа новото живеалиште во нашиот град.

Новите забавни содржини во Зоолошката градина го направија ова место во Скопје интересно за сите генерации.

И новото плато пред влезот на Зоолошката се вклопи во модерниот изглед на оваа градска јавна установа.







# ГРАДСКАТА ПЛАЖА ГО ЗАЖИВЕА КЕЈОТ







Новоизградената Градска плажа број 1 во центарот на градот, зад Луна паркот на кејот на реката Вардар, на граѓаните на Скопје им овозможи да се разладат и релаксираат во топлите летни денови. Проектот „Од жешкиот асфалт – директно на плажа, на чекор од тебе“ на посетителите им понуди морски песок, лежалки, шанкови за пијалаци, тушеви, детски реквизити и добра музичка забава. Плажата е распослана на површина од 1 775 квадратни метри.

Градот Скопје во годината што изминува размислуваше во насока на подобрување на спортскиот живот во градот и со овој проект во ниту еден момент не го загрози движењето на оние што трчаа, се рекреираа или возеа велосипеди и ролерки на патеката на кејот на Вардар. Напротив, Градот Скопје ги збогати спортските содржини и на неколку локации по должината на кејот, постави спортски реквизити за вежбање и рекреација. Вакви пунктови има кај Градската плажа, кај мостот „Близнак“ во населбата Аеродром и кај хотелот „Александар Палас“.

Во рамките на Градската плажа, на спортските истомисленици Градот Скопје им понуди и Одбојкарско игралиште со вкупна должина од 24 и широчина од 14,5 метри. Игралиштето има подлога од песок со длабочина од 40 сантиметри, заградено е со ограда висока 6 метри и е осветлено со осум рефлектори.

На ова игралиште се одржаа два турнира во одбојка. На ревијалниот турнир во одбојка на песок, што се одржа од 22 до 25 јули учествуваа 28 натпреварувачи во женска и во машка конкуренција, од коишто поголемиот број се актуелни репрезентативци на нашава земја. Турнирот се одржа под покровителство на Градот Скопје, а во организација на Одбојкарската федерација на Македонија.

На почетокот на октомври се одржа и турнир во одбојка на песок на средните училишта на Град Скопје во машка и во женска конкуренција. Овој турнир се одржа во рамките на манифестацијата „Бела ноќ 2010“.

На теренот на Градската плажа, од неговото отворање до крајот на сезоната, одбојка играле повеќе од 2.300 граѓани.









# ЛИГА НАТПРЕВАРИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА СКОПЈЕ



На 12 октомври, со натпреварот во футсал во машка конкуренција меѓу екипи на средните училишта „Никола Карев“ и „Орце Николов“ во спортската сала на ОУ „Наум Наумовски – Борче“ беше означен стартот на Лига натпреварите во женска и во машка конкуренција меѓу екипи од средните училишта во градот Скопје за учебната 2010/2011 година.

Под покровителство на Град Скопје, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и наука и Федерацијата за училишен спорт на Република Македонија, а во организација на Училишен спорт на средни училишта во Скопје, во текот на оваа учебна година, ќе бидат одржани лига натпревари во неколку спортови во двете конкуренции и тоа во футсал, ракомет, одбојка, кошарка, куглање, пинг-понг, атлетика и одбојка на песок. Во рамки на училишната лига ќе се натпреваруваат 28 екипи од средните училишта на територија на град Скопје, распоредени во 4 натпреварувачки групи, а победниците од секоја група по системот на елиминација, ќе се борат во четвртина финалето што ќе се одржи на крајот од учебната 2010/2011 година. Најдобрите две екипи, во двете конкуренции, во сите спортови, ќе се натпреваруваат на државното првенство на ниво на средни училишта.





## НАТПРЕВАРИ „FINAL FOUR“ ОД СРЕДНОШКОЛСКАТА ЛИГА

Во спортската сала „Расадник“, во Кисела Вода, на 28 април годинава се одиграа завршните „final four“ натпревари во четири спортови во машка и во женска конкуренција од средношколската лига на Скопје. Најмногу пехари освоија учениците од ДСУ „Методија Митевски-Брицо“ и средношколците од СУГС „Орце Николов“ од Скопје.

Во финалето одбојка-мажи, учениците на „М.М.Брицо“ ја победија екипата на „Георги Димитров“ со 2:0, а во финалето одбојка жени, победата ја извојуваа одбојкарките на „Орце Николов“ со 2:1 против ученичките од СУГС „Георги Димитров“.





Финалето ракомет жени и мажи заврши со убедливи победи на средношколците од „М.М.Брицо“ во двете конкуренции.

И во финалните кошаркарски натпревари во двете конкуренции најуспешни беа екипите на „М.М.Брицо“.



# „ГИМНАЗИЈАДА СКОПЈЕ 2010“



Кошарка, одбојка, ракомет, футсал и атлетика беа спортовите во коишто силите си ги одмерија средношколци од 48 екипи од средните училишта од цела Македонија на седмата „ГИМНАЗИЈАДА СКОПЈЕ 2010“, која што се одржуваше од 6 до 8 мај, годинава. Градот Скопје, по цела деценија, повторно беше домаќин на околу седумстотини средношколци од земјава.

Најдобри кошаркари – средношколци во машка конкуренција беа учениците од СУГС „Орце Николов“ од Скопје. Во женска конкуренција најдобра беше кошаркарската екипа на ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ од Скопје. Во одбојка најдобри беа учениците од СОУ „Јане Сандански“ од Струмица, а во женска конкуренција на првото место се пласираа одбојкарките на СУГС „Орце Николов“ од Скопје.

Од училиштето СОУ „Мирко Милевски“ од Кичево пристигна најдобрата машка екипа во футсал. Дека и во девојчињата се крие фудбалски талент покажаа ученичките на СОУ „Свети Кирил и Методиј“ од Неготино. Учениците од „М.М. Брицо“ од Скопје беа најдобрите ракометари во машка конкуренција на годинешната „ГИМНАЗИЈАДА“, а и меѓу жените најдобри беа нивните соученички.

Во атлетика-жени, на 100 метри и на 400 метри најдобра беше Христина Ристеска од СОУ „Кузман Јосифовски-Питу“ од Прилеп, а на 800 м, првото место и припадна на Фросина Ристевска од истото училиште. Во скок во височина најдобра беше Надица Јовановиќ од „Никола Карев“ од Скопје, а во скок во далечина Александра Митроска од „К.Ј.Питу“ од Прилеп. Фиданка Василевска од СОУ „Добри Даскалов“ од Кавадарци фрли ѓуле на далечина од 8.66 м и со тоа се закити со златен медал. На пиедесталот застанаа ученичките на СОУ „К.Ј.Питу“ од Прилеп, коишто истрчаа најдобро време во штафетата 4х100 м.

Кај мажите, на 100 метри најдобар беше Ицко Јанкоски од СОУ „Ѓорче Петров“- Прилеп, на 400 м првото место му припадна на Бојан Милчевски од „М.М. Брицо“ од Скопје, а на 1 000 м најбрз беше Ненад Ацковиќ од СУГС „Никола Карев“ од Скопје. Никола Митковски од СОУ „Гоце Делчев“ - Куманово скокна највисоко, а најдалеку Борис Дечовски од СОУ „Јане Сандански“ од Струмица. Ѓулето со тежина 7,26 килограми најдалеку го фрли Горан Трајанов од СОУ „Димитар Влахов“ од Струмица, а најдобри во штафетата 4х100 м во машка конкуренција беа средношколците од СОУ „Коста Сусинов“ од Радовиш.



„ГИМНАЗИЈАДА СКОПЈЕ 2010“ се одржа во организација на Град Скопје и на Сојузот на училиштен спорт на средни училишта на Град Скопје. Покровител на средношколската олимпијада за учебната 2009/2010 година е градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.



# МИНИ-АТЛЕТСКИ ТЕРЕНИ ЗА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ







Градот Скопје во 2010 година не ги заборави и најмладите скопјани и со реализацијата на неколку проекти се обиде да го зајакне спортскиот дух кај учениците. Во средното училиште „Арсениј Јовков“, беа пуштени во употреба мини атлетски терени за спринт на 60 метри, троскок, скок во далечина и фрлање ѓуле. Во тек е изградбата на ваков терен и во дворот на СУГС „Здравко Цветковски“.

Во спортско-рекреативниот центар „Сарај“ беше асфалтирано кошаркарското игралиште со површина од 370 квадратни метри.



# ДОНАЦИЈА НА 33 КОЖЕНИ ТОПКИ ЗА НАЈПОПУЛАРНИТЕ СПОРТОВИ

Секое средно училиште на Град Скопје годинава доби по 33 кожени брендирани топки за практицирање и омасовување на најпопуларните спортови: кошарка, одбојка, фудбал и ракомет. Денот, кога градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, им ја предаде донацијата на претставниците од сите 21 скопско средно училиште, всушност, беше официјалниот почеток на средношколските лига натпревари меѓу екипи од средните училишта на територија на Скопје.



# СКОПСКИ МАРАТОН 2010

Четвртиот традиционален и меѓународен „Скопски Маратон 2010“ се трчаше низ улиците на Скопје на 9 мај. Во машка конкуренција прв на целта стигна Тамаш Тот од Унгарија, а во женска конкуренција победи Лусија Кимани од Босна и Херцеговина. На скопските улици годинава трчаа повеќе од 2 500 маратонци. Скопскиот маратон годинава го одбележаа рекордите.

Унгарецот Тот, маратонската патека од 42 километри ја помина со време од 2.28.56 часа и постави нов рекорд на патеката. Годинава и Македонија имаше свој маратонец во најдобрите 10 натпреварувачи. Ѓорѓи Трендафилов, маратонот го заврши на 7-та позиција.

Рекорд на патеката постави и натпреварувачката Лусија Кимани, којашто истрча со време од 2.55.56 часа.

Скопскиот маратон се запиша на картата на маратони на Светската атлетска федерација.

Покровители на традиционалниот Скопски маратон, како и досега, беа Градот Скопје, Делегацијата на Европската Унија во РМ и Агенцијата за млади и спорт. Организатори беа Сојузот на спортови на Скопје, Атлетската федерација на Македонија и А.К. „Работнички“. Донатори беа Амбасадата на Кралството Норвешка и Црвениот крст на Скопје, а годинава генерален спонзор и партнер на целата Манифестација беше мобилниот оператор One.










# ОБНОВЕНИ ЗГРАДИТЕ НА 8 СРЕДНИ УЧИЛИШТА



Во 2010 година почна реконструкцијата и санацијата на училишните објекти и спортските сали, а проектот се реализираше во 8 средни училишта на Град Скопје:

- **Здравко Цветковски** - *замена на столарија;*
- **Панче Арсовски** - *замена на столарија;*
- **Арсени Јовков** - *замена на столарија;*
- **8 Септември** - *реконструкција на санитарни јазли;*
- **Димитар Влахов** - *реконструкција на санитарни јазли;*
- **Јосип Броз-Тито** - *замена на столарија;*
- **Михајло Пупин** - *реконструкција на санитарни јазли;*
- **Владо Тасевски** - *замена на столарија;*







## ОПРЕМЕНИ ЛАБОРАТОРИИТЕ НА СУГС „МАРИЈА КИРИ - СКЛОДОВСКА“

Во средното училиште „Марија Кири–Склодовска“ беа опремени специјализирани училници за здравствената струка за образовниот профил лабораториски техничар и медицински лабораториски техничар. Опремувањето на лабораториите се одвиваше фазно. Просториите прво беа опремени со шкафчиња, клупи и со лабораториски столови, а потоа беа поставени лабораториските инструменти и апарати коишто учениците ќе ги користат во реализацијата на практичната настава.

Градот Скопје за опремување на овие две лаборатории со микроскопи, водена бања, фрижидер, дигитална вага, центрифуга, стаклени кади, шпиртни ламби, двострани лажици, стаклени шишиња со широко грло и други неопходни инструменти и апарати, од Буџетот издвои околу 300 000 денари.

# НАГРАДИ ЗА ПРВЕНЦИТЕ



Во јуни во Младинскиот културен центар се одржа манифестацијата „Средба меѓу првите и најдобрите“, свеченост на којашто беа одбележани успесите на најдобрите ученици од средните училишта на Град Скопје. На најдобрите и најуспешните 21 матурант-првенец градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, им додели признанија и парични награди.

# КВАДРИЛ ЗА КРАЈ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА





Традицијата продолжува. И годинава на плоштадот „Пела“ и на улицата 11 Октомври матуранти од скопските средни училишта го одиграа танцот „квадрил“ и го означија крајот на учебната 2009/2010 година. Со тоа, матурантите се вклучија во меѓународната манифестација „Матурска парада 2010“. Годинава, со матурантите од Скопје танцуваа и матурантите од Велес, Кавадарци и од Струга, како и матуранти во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и во Бугарија.

# НОВО ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА БЕЗДОМНИЦИ ВО ПУНКТОТ ВО МОМИН ПОТОК



Градот Скопје годинава реализираше еден навистина значаен проект за којшто од Буџетот издвои 1,4 милиони денари. Со завршувањето на овој проект Пунктот за бездомници на Црвениот крст на Град Скопје во Момин Поток доби прифатилиште од 60 квадратни метри со сосема нови кревети, тоалети, чајна кујна и други неопходни средства. Пунктот за бездомници во Момин Поток е прв и единствен во државава, функционира повеќе од две години, а секојдневно го посетуваат дваесетина лица.

Во текот на работната недела, пунктот е отворен во понеделниците кога бездомниците добиваат хигиенски услуги и секој петок кога добиваат и чисти алишта, лекарски преглед и неопходни лекови, разговор и совети од психолог, оброк и топол напиток. Транспортот на корисниците на услуги на пунктот го обезбедува Црвениот крст од неколку локации во градот.





Во средното училиште „Михајло Пупин“

# ЛИФТОВСКА ПЛАТФОРМА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ



Во СУГС „Михајло Пупин“, како продолжување на големиот проект од 2009 година за поставување пристапни рампи во сите средни училишта на Град Скопје, годинава беше завршена Лифтовската платформа за лица со посебни потреби, коишто се движат со помош на количка. Платформата е прва и единствена од ваков вид во Македонија. Супер модерната платформа е решена комплетно панорамски, со автоматско отворање на вратите и интерфонска врска, се управува со копчиња што можат да ги користат и слепи лица, а со неа се обезбедува пристапност до сите катови во училиштето.

Лифтовската платформа е вградена во согласност со сите применливи стандарди и национални и европски прописи, со што е обезбедена достапноста и безбедноста на корисниците.

Идејното решение за лифтовската платформа го подготвија професори од Машинскиот и од Архитектонскиот факултет од Скопје, а изведбата ја направи „Тисенкруп елеватори“ ДОО - Белград. Поддршка даде Министерството за образование и наука и домаќинот - средното училиште „Михајло Пупин“. За оваа намена од Буџетот на Град Скопје за 2010 година, се издвоени 2,5 милиони денари.





Кампања

# НАМАЛУВАЊЕ НА СТИГМАТА СПРЕМА ЛИЦАТА КОИШТО УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ



Годинава, прв пат службите на Град Скопје и соработниците, преку низа активности ја спроведоа еднонеделната Кампања за намалување на стигмата и дискриминацијата спрема лицата коишто употребуваат дроги. Кампањата траеше од 19 до 23 април и опфати печатење и поставување постери на автобусите на ЈСП. Пораките на постерите беа резултат на дискусиите на тема стигматизација на лица корисници на дроги.

Резултатите ги очекуваме во иднина.

# ГРАДСКИ НВО ЦЕНТАР ВО СКОПЈЕ



Центарот има една сала за состаноци, една работна просторија за вработените во Центарот со библиотека и „интернет точка" со соодветна опрема на располагање на здруженијата коишто ќе членуваат во Центарот.

Работното време на Центарот е од понеделник до петок од 11 до 19 часот.

Градскиот центар за поддршка на граѓански организации (Градски НВО центар), што од годинава е лоциран во Младинскиот културен центар има една цел - јакнење на улогата на НВО секторот како партнер на Град Скопје и координацијата на соработката меѓу граѓанските организации и градската администрација.



# РЕКОРД НА ЛУИЦИ КАСАТИ ВО ВРЕЛО





Европската спелеонуркачка експедиција „Врело 2010" предводена од италијанецот Луици Касати, успеа да стигне до длабочина од 212 метри во пештерата Врело на Матка. Оваа достигната длабочина претставува втор рекорд по длабочина во Европа, а прв на Балканот.

Спелеонуркачите предводени од Луици Касати од Италија и Марк Ван дер Мулен од Белгија престојуваа во Скопје од 11 до 25 јули. Спелеонуркачот Касати рече дека пештерата „Врело" претставува вистински предизвик за истражување поради многубројните неистражени коридори коишто ги содржи. Тој, на длабочина од 212 метри, забележал дека пештерата се дели на два дела.

- Ние сметаме дека во пештерата има извор на вода. Во рамките на истражувачката експедиција „Врело 2010" земени се примероци од вода и седименти и со нивните испитувања може да се добијат интересни резултати - изјави Касати.

Градот Скопје како главен покровител на експедицијата, го поддржа овој проект со милион денари.





# БАСКЕРФЕСТ 2010

Музичките точки, жонглерските настапи и акробациите беа само дел од забавната програма што ја понуди годинешниов, петти по ред, „БАСКЕРФЕСТ 2010“, којшто се одржуваше на повеќе локации низ градот од 4 до 13 јуни. Стотина улични артисти од 15 земји од светот со своите настапи донесоа циркус под отворено небо во Скопје.

Покровител и на годинешново издание на „БАСКЕРФЕСТ“ беше Градот Скопје, а организатор невладината организација „ONE WAY“.






# ТРЕТО ИЗДАНИЕ НА „ЛИЦА БЕЗ МАСКИ“

Киното „Фросина“ од 10 до 14 мај беше домаќин на третото издание на Интернационалниот театарски фестивал „ЛИЦА БЕЗ МАСКИ“. Фестивалот го промовира независниот, алтернативен и експериментален театар, креиран од млади ентузијасти.

Главната награда - Гранд при за најдобра претстава во целина – статуетка на „Малиот принц“, ја доби претставата „Папагалите не јадат бумбари“, по текст на Вилијам Мастросимон, во режија на Јан Микуш, на театарот Дивадло Г.Ф. Белопоточкехо од Словачка. Наградата за колективна игра и посебно достигнување како ансамбл отиде во рацете на актерите од Академскиот театар „Бранко Крсмановиќ“ од Србија, за претставата „Бре Кабаре“ на авторите В. Цурџевиќ - В. Цвејиќ, во режија на Владимир Цвејиќ. Наградата за визуелно обликување ја доби „Театар Рома“ од Македонија, за претставата „Вител“ од Коле Чашуле, во режија на Орхан Јашаровски.

Фестивалот „ЛИЦА БЕЗ МАСКИ“ е во организација на Младинскиот културен центар и СПЛУНГ автори од Скопје, а покровител е Градот Скопје.





# „ВИДИ МУЗИКА – СЛУШНИ СЛИКА - ДОБИЈ КНИГА“



Во Градскиот Парк, во организација на Младинскиот културен центар и на Македонската филхармонија, под диригентската палка на маестро Борјан Цанев, во јуни се одржа третата по ред мултимедијална културна манифестација ВИДИ МУЗИКА – СЛУШНИ СЛИКА - ДОБИЈ КНИГА.

Оркестарот на Македонската филхармонија, изведе популарни дела од класичната музичка литература на големите светски и македонски композиторски имиња како Росини, Брамс, Чајковски, Григ, Бизе, Офенбах, Глишиќ и други. Инспириран од музиката, ликовниот уметник Сергеј Андреевски изведе ликовен перформанс на две сликарски платна.

Младинскиот културен центар и Македонската филхармонија и годинава на граѓаните на Скопје им подарија 20 000 бесплатни примероци од делото "Новеченто", на авторот Алесандро Барико, дело, коешто беше екранизирано во прекрасното филмско остварување "Легенда за 1900" на големиот италијански режисер Џузепе Торнаторе.

Манифестацијата „ВИДИ МУЗИКА – СЛУШНИ СЛИКА - ДОБИЈ КНИГА“ е дел од програмата на МКЦ што финансиски ја поддржува Градот Скопје.



# 31. КУЛТУРНО СКОПСКО ЛЕТО

На денот на летото и на светскиот ден на музиката, 21 јуни, почна Интернационалниот културен фестивал „Скопско лето 2010“. Фестивалот беше отворен со настапот на камерниот оркестар Almazian`s Obsession од Србија.

Како дел од „Скопско лето 2010“ во 40-те фестивалски дена беа изведени 63 поединечни уметнички претставувања, во најголемиот дел музички. Изведени беа 17 концерти, реализирани 9 изложби, одиграни 8 театарски претстави, од коишто 5 премиери, две презентации на видео-арт, две модни ревии и уште многу промоции, презентации и перформанси.

Интернационалниот културен фестивал „Скопско лето“ е во организација на Дирекцијата за култура и уметност – Скопје, а под покровителство на Градот Скопје и Министерството за култура.





# МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ - МОТ 2010

Годинешното, 35-то издание, на Меѓународниот театарски фестивал – МОТ 2010 што се одржа во септември го одбележаа дваесетина театарски претстави во продукција на театри од Франција, Словенија, Хрватска, Бугарија, Луксембург, Романија, Литванија, Данска и од Македонија. МОТ 2010 се реализираше во девет фестивалски вечери, на неколку театарски сцени, и тоа во киното „Фросина" во МКЦ, во Македонската опера и балет, во театарот „Центар", како и на сцената на Драмскиот театар. Традиционално, во трката за наградата на фестивалот за најдобра претстава во целина влегоа претставите од странските продукции, а „Сонот на летната ноќ" на Градскиот театар од Вилнус, Литванија, е прогласена за најдобра на годинешното издание на МОТ. Претставата е во режија на Оскарас Коршуновас по текстот на Вилијам Шекспир и продукција на ОКТ – на Градскиот театар од Вилнус, Литванија.

Покровители на Младинскиот отворен театар се Градот Скопје и Министерството за култура, а организатор и реализатор е Младинскиот културен центар - Скопје.











# МЕСЕЦОТ СЕПТЕМВРИ ГО ОДБЕЛЕЖАА „ЗВУЦИТЕ НА ЧАРШИЈАТА"...

Богатата мултикултурна и мултимедијална програма на манифестацијата „Звуци на чаршијата" во септември по петти пат ја раздвижи Старата скопска чаршија и ја исполни со посетители. Програмата понуди изложби, концерти, перформанси, фолклорни настапи и презентацијата на старите занаети и ракотворби.

Манифестацијата „Звуци на чаршијата" има за цел да потсети на старите и подзаборавени традиции во Старата скопска чаршија и да даде импулс за нејзино заживување и културно реанимирање преку отворање на портите на уметноста и на креативноста.

Градот Скопје ја востанови манифестацијата „Звуците на чаршијата" во 2006 година заради културна и стопанска анимација и ревитализација на Старата скопска чаршија, како и за нејзина туристичка промоција.

# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „СКОПЈЕ 2010"

Десет ликовни уметници од земјава и од странство учествуваа на годинешната Ликовна колонија „Скопје 2010", што на крајот на август се случуваше во хотелот „Арка". На тема „Скопје" твореа Гоце Божурски, Сашо Поповски, Роберт Цветковски, Јулијана Гешоска и Шќипе Мехмети од Македонија, Сандрине Бридиер од Париз, Франција, Берна Еркун од Истанбул, Турција, Момчило Мацановиќ од Тиват, Црна Гора, Нарцис Кантарџиќ од Целје, Словенија и Славица Марин од Умаг, Хрватска.

Традиционално, учесниците на колонијата се уметници од збратимените градови, како и градови со коишто Град Скопје во минатото воспоставил културна соработка. Покровител на колонијата е Град Скопје.





# ... И ТРЕТИОТ „ПИВОЛЕНД 2010"

Третиот гурмански викенд со пиво во Скопје „ПИВОЛЕНД 2010" којшто се одржуваше на скопската тврдина Кале и во Старата скопска чаршија привлече околу 400 000 граѓани коишто имаа можност да дегустираат педесетина видови пиво. На „ПИВОЛЕНД 2010" се испија околу 200 000 литри пиво и 500 хектолитри сокови и вода.

Во петте фестивалски вечери, на 7 бини, настапија околу 50 домашни и странски бендови, артисти и диџеи, а во рамките на 60-часовното пивско дружење околу 150 000 луѓе дегустираа дел од гурманските специјалитети на неколкуте брендови храна што ја збогатија понудата на овој Гурмански викенд со пиво.

Манифестацијата „Гурмански викенд со пиво во Скопје" се одржува под паролата „Дојдов, видов, испив", а е во организација и под покровителство на Градот Скопје, во соработка со „Здружението на граѓани – Пиволенд Скопје".





# „ПОЈАДОК НА МОСТ“ ЌЕ ПРЕРАСНЕ ВО ТРАДИЦИЈА



На 19 септември над 2 000 скопјани, гости и туристи појадуваа на Камени мост и учествуваа во градската манифестација „Појадок на мост“, којашто годинава се одржа за првпат. Градот Скопје планира оваа манифестација да прерасне во традиција.

На Камени мост беа поставени штандови со храна и со пијалаци од донаторите. Присутните имаа ретка можност да вкусат дел од специјалитетите на „Тинекс“, „Жито лукс“, „Жито Вардар“ - Велес, Кафеаната „Пелистер“, „Витаминка“ и многу други македонски производители на храна и на пијалаци. Граѓаните што дојдоа на заедничкиот појадок ги забавуваа уличните музичари.







Дружењето „Појадок на мост“ има за цел да се слави името на Мајката божја - заштитничката на градот Скопје. Градот Скопје на овој едноставен начин сака да ги обедини и зближи сите граѓани на Скопје и да им покаже како да ги почитуваат традиционалните вредности.

Оваа манифестација е во организација на Градот Скопје, покровител е градоначалникот на Градот Скопје, а како директни партнери се вклучија членките на Занаетчиската комора на Град Скопје и угостителското училиште СУГС „Лазар Танев“-Скопје.

# „БЕЛА НОЌ 2010“




Традиционалната градска манифестација „БЕЛА НОЌ 2010“ годинава по шести пат го привлече вниманието на скопјани со богатата забавна програма наменета за сите генерации и вкусови. На годинешното издание на „Бела ноќ“ со свои изложби на фотографии и уметнички дела, како и разни уметнички и видеоинсталации, пред скопската публика се претставија уметници од Македонија, од Хрватска, Грција, Словенија, Австрија, Холандија, Израел, Италија, Србија, Финска и од Франција.

Дел од „Бела ноќ“ годинава беа и повеќе спортски и музички манифестации. Во Градскиот парк, на плочникот пред фонтаната „Лотосов цвет“, традиционално се одржа турнир во улична кошарка меѓу 16 екипи од средните училишта на Град Скопје. За првпат во рамките на Бела Ноќ, во Градскиот парк, се одржа и голем концерт на домашни хип-хоп групи, насловен како „ХИПХОПИЈАДА“.

Детскиот фолклорен фестивал „Оро без граници“ и годинава беше дел од програмата на „Бела ноќ“.



# „ВИНО-СКОП“ ПО ЧЕТВРТИ ПАТ ВО СКОПЈЕ



Во октомври на плоштадот „Македонија“ по четврти пат се одржа традиционалниот фестивал на виното, „Вино-Скоп 2010“. Меѓународниот вински фестивал ја афирмира вековната традиција за производство на вино во Македонија и има за цел да промовира квалитетни и сортни вина од винарии од нашава земја и од странство.

На „Вино-Скоп 2010“ учествуваа 30-тина домашни и странски винарии: Agronikolov, Bovin, Dalvina, Dudin, Filovski, Fonko, Imako, Kamnik, Grkov, Ohridija, Peca Popov, Popova Kula, Radevski, Sopot, Stobi, Skovin, Vinar, Gemak, Proseco, Heineman, Pivka, Altan, Tristo, Tikves, Chateu Royal, Kartal и Agrokor vina.

Фестивалот „Вино-Скоп 2010“ се одржа на иницијатива и под покровителство на Градот Скопје, а стручен организатор беше друштвото за угостителство и трговија „OLD GRIPS PUB“ Д.О.О. Скопје.



# ПРИЗНАНИЈА ЗА НАЈДОБРИТЕ АРХИТЕКТИ НА ГРАД СКОПЈЕ




ДСЦ Дизајн – Скопје е добитникот на годинешната Главна награда за Архитектура на Град Скопје, што свечено беше доделена на традиционалната манифестација „АСК-Архитектура Скопје 2010“. Признанијата на архитектите Звонко Тасевски и Крсте Петров, за проектот Административна зграда на „Граве недвижности“, им ги додели градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Добитници на признанијата за посебен придонес во архитектурата на Скопје за 2010 година се архитектите на „Делта инвест“, Никола Велковски, Светлана Јончевска и Марко Трајковски, за проектот Административно-деловен објект со магацински простор STIHL што се наоѓа во индустриската зона Визбегово и Јовица Стефановски, Катерина Петрушевска и Ивана Стефановска за проектот за Апартманско-деловен објект од архитектонската фирма „Јасива“ од Скопје.

Наградени се и архитектката Зорица Блажевска за проектот ЕКО-ХАУС- монтажна дрвена куќа и Ателје „АЈВАР“ за проектот за катната гаража во населбата Аеродром. Автори на проектот за катната гаража се Миодраг Радоњиќ и Ранчо Христов, а нивни соработници Ана Пановска-Докузовска и Дамјан Христов.

На годинешниов конкурс за Манифестацијата АСК 2010 беа пријавени 45 проекти, а селекторската комисија одбра 37 архитектонски дела. „АСК-Архитектура Скопје“ традиционално се одржува во рамките на одбележувањето на 13 Ноември-Денот на ослободувањето на градот Скопје.

# НАГРАДЕНИ И НАЈДОБРИТЕ ФИЛМОВИ НА „СИНЕДЕЈС“

Жирито на деветтото издание на Фестивалот на Европски филм „Синедејс“ составено од членовите Сањин Пејковиќ (професор и филмски критичар), Влатко Галевски (филмски критичар) и Николас Гастер (режисер) решија да ги доделат следните награди:

- наградата за најдобар филм „Златна звезда“ на филмот „Кавасаки рози“ во режија на Јан Хребејк.

- наградата за најдобар режисер „Сребрена звезда“ на Флорин Сербан за филмот „Кога ми се свирка, свиркам“.







- наградата за најдобро сценарио „Сина звезда“ на Леа Фехнер за филмот „Тивки гласови“

- наградата „Златно Сонце“ за најдобар филм од Балкан Линк селекцијата на романскиот филм „Пред се, Фелиција“ во режија на Разван Радулеску и Мелиса Де Раф.

- специјална плакета за најдобра фотографија на Андрас Надзи за унгарскиот филм „Библиотека Паскал“

- специјална плакета за најдобра женска главна улога на Нада Џуревска за улогата во филмот „Јасмина“ (БиХ)

- специјална плакета за најдобра машка главна улога на Пистиреану Џорџ за улогата во романскиот филм „Кога ми се свирка, свиркам“.

Годинава Младинскиот Културен Центар одлучи да додели специјална награда во форма на плакета на Ненад Бороевиќ за неговото деби како директор на фотографија во филмот „Мисија Лондон“.

Фестивалот на Европски филм „Синедејс“ се одржуваше од 11 до 18 ноември.




# БОГАТА ПРОГРАМА ЗА НЕЗАБОРАВНО НОВОГОДИШНО ДОЖИВУВАЊЕ



Празничната еуфорија во градот ќе кулминира со новогодишен концерт на 31 декември, на плоштадот „Македонија“. Скопјани ќе ги забавуваат мегапопуларните хрватски ѕвезди, Петар Грашо и Данијела Мартиновиќ. Оваа ноќ ќе биде разубавена и со настапите на македонските поп и фолк ѕвезди Ребека, Елена Ристеска, Кристина Арнаудова, Арбен Шаќири, Сузана Спасовска, Соња Тарчуловска и Гоце Арнаудов.

Пред влезот во Градскиот трговски центар е отворен новогодишен базар. Во девет мали дрвени куќички се продаваат автентични германски производи. На сцената пред влезот во ГТЦ, децата имаат можност да се забавуваат со неколку детски претстави, да уживаат во звуците на омилените детски песнички и да се фотографираат со Дедо Мраз.

Годинава за празничното украсување и разубавување на Скопје се погрижи Градот, а Македонски телеком, Т–Mobile и Македонско-германското стопанско здружение беа задолжени за богатата културно-забавна програма. Поддржувачи на целиот проект се Германска Амбасада во Р. Македонија и ЕВН Македонија.



# СКОПЈЕ ВО НОВОГОДИШЕН СЈАЈ



Новогодишната елка висока 20 метри, којашто е поставена во зелениот појас до плоштадот „Македонија“ и украсите на градските улици и булеварите му дадоа новогодишен сјај на градот.

Скопјани ќе може да уживаат во новогодишниот амбиент на градот до 15 јануари.



*Градот Скопје Ви ги честита Новогодишните и Божикните празници*